**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

DRAFT

**Наставна програма**

# Музичко образование

## за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Слушање и разбирање на музиката***<br>• ***Музичка писменост и изведбени активности*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет), која освен со стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темперираниинструмент;<br>• детски ритмички инструменти (ритмички и мелодиски);<br>• разни извори на учење од природата и непосредната околина - дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата;<br>• печатени материјали (нотни записи, прирачници, списанија, весници, книги, енциклопедии и друга литература);<br>• дводимензионални отпечатоци − непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет и апликација за пишување ноти, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>• аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>• едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Музичко образование во седмо одделение може да ја изведува лице со завршени:<br>• студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничко изразување и култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталирапрограми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоцитеи да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

**Личен и социјален развој**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ НА МУЗИКАТА***

Вкупно часови: 22 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. идентификува и разликува музички композиции од различни жанрови (класична музика, народна музика, популарна музика);
2. идентификува и разликува македонски народни ора со различна намена, ора и танци од различни етнички заедници од РС Македонија, како и ора и танци од регионот и светот;
3. ги разликува и категоризира дувачките музички инструменти и ги препознава во инструментална музика што ја слуша;
4. ги препознава елементите на музичките форми и ја објаснува нивната поврзаност со карактерот на слушаните дела;
5. ја користи соодветно музичката терминологија при анализа на слушаните дела;
6. искажува и аргументира сопствен став за слушаните дела од различни жанрови врз основа на стекнатите знаења и искуства.

Ученикот/ученичката ќе развива:

7. сопствени критериуми за естетско вреднување на слушаната музика.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| • **Музички жанрови: класична, народна, популарна музика**<br>(класична музика, народна музика, поп, рок, боса нова, биг бенд, свинг и други жанрови на популарна музика) | • Го идентификува жанрот на слушаната музичка композиција.<br>• Наведува по три примери од класична, народна и популарна музика.<br>• Споредува карактеристики на различни музички жанрови во слушаните композиции. |

| | |
|---|---|
| | • Искажува и аргументира личен впечаток за композициите од различни музички жанрови.<br>• Наведува примери на примената на музиката за различна намена и во различни простори и услови. |
| • **Дувачки инструменти**<br>(дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) | • Идентификува по звучност и изглед најмалку три дрвени дувачки, три лимени дувачки и три народни дувачки инструменти.<br>• Опишува дувачки инструменти по материјалот на изработка, изглед и улога во инструментални состави.<br>• Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави.<br>• Препознава аудитивно најмалку пет дувачки инструменти во различни изведувачки состави. |
| • **Орска народна традиција**<br>(оро, машки ора, женски ора, мешани ора, поворка, леса, соборски ора, обредни ора, машка поворка, женска поворка, свадбен циклус) | • Идентификува и опишува основни карактеристики на ората и начин на изведба.<br>• Категоризира ора според изведба и намена.<br>• Наведува сличности и разлики во ората и танците на етничките заедници во нашата земја.<br>• Наведува карактеристики на ората што се играат во соседните земји. |
| • **Музички форми: рондо, тема со варијации, сложена триделна форма**<br>(рефрен, епизода, тема, варијација, форма АБА, марш, менует, валцер, мазурка) | • Наведува елементи на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма.<br>• Разликува аудитивно основни делови на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма.<br>• Споредува марш, менует, валцер и мазурка според нивните музички карактеристики (метар, ритам, темпо, форма, карактер, намена).<br>• Создава и објаснува шематски приказ на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери. |
| • **Насочено слушање музички дела**<br>(наслов на делото, композитор, жанр, изведувачки состав, темпо, динамика, карактер на музиката, елементи на музичка форма) | • Именува музичко дело и изразни средства со соодветни музички термини.<br>• Препознава изведувачки состав и елементи на музичката форма во музичкото дело.<br>• Споредува музички изразни средства, изведувачки состав и музичка форма со нејзините елементи во музичките дела.<br>• Искажува и аргументира личен впечаток за музичкото дело и изведба. |
| **Примери за активности:** | |

- Преку презентација и слушање на музички примери на композиции од различни жанрови, учениците го идентификуваат жанрот на слушната музичка композиција, разликуваат и споредуваат различни жанрови и наведуваат по три композиции од секој музички жанр. Учениците изработуваат дневник за слушање музика каде ги запишуваат слушаните композиции и кратки забелешки за нивниот жанр и карактеристики; изработуваат листа на омилени композиции од различни музички жанрови и сл.
- Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за примената на музиката за различна намена во различни простори и услови, како на пример: каде се сретнува музиката во нашето опкружување; каде најчесто се одржуваат концерти од различни жанрови; која е улогата на музиката во филмови, театарски претстави, телевизиски и радио емисии, реклами, џинглови, видео игри, содржини на социјалните медиуми, забави, свечености и друго.
- Преку аудиовизуелна презентација на разни музички примери од инструментална музика од разни жанрови каде што дувачките инструменти - дрвени и лимени се јавуваат како придружни и солистички инструменти, наставникот ги запознава учениците со овие инструменти. Учениците со внимание слушаат, ги идентификуваат и опишуваат дувачките инструменти, демонстрираат сознанија за нив и ги категоризираат и препознаваат по звучност, изглед, начин на свирење, жанр и улога во инструменталните состави.
- Наставникот организира посета на час - средба со изведувач на некој од музичките инструменти за кои учат. Учениците поставуваат прашања што претходно ги подготвиле во врска со инструментот и музиката што ја изведува.
- Наставникот ги насочува учениците да изработат презентација за да ја прикажат поделбата на дувачките инструменти во групи и подгрупи. Учениците можат да користат називи на инструментите и групите и фотографии/слики (Грозд-техника, Умни мапи и други дигитални алатки).
- Учениците ги впишуваат на картички имињата на сите изучени инструменти. Потоа ги подредуваат по групи и подгрупи.
- Преку аудио записи/видеозаписи наставникот презентира народни ора според составот, карактерот и потеклото, ора и танци карактеристични за различните етнички заедници кои живеат во РС Македонија, како и за ората и танците на народите во соседните земји. Учениците ги воочуваат и опишуваат основните карактеристики на ората и танците, начинот на изведба, ги категоризираат според изведбата и намената и ги споредуваат.
- Наставникот презентира два видео примера на ора од различни народи и ги насочува учениците да изработат Венов дијаграм за сличности и разлики помеѓу двата примера (ритам, мелодија, начин на играње, носии и сл.). Активноста може да се изведува во повеќе групи за да се опфатат повеќе примери. На крајот од активноста, учениците ги презентираат своите сознанија и заклучоци.
- Наставникот презентира примери за елементите на рондо (рефрен, епизода), тема со варијации (тема, варијација) и сложена триделна форма (делови АБА). Потоа презентира аудио записи за рондо, тема со варијации и сложена триделна форма, а учениците ги разликуваат аудитивно основните делови на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма. Учениците на креативен начин изработуваат шематски приказ на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери, каде ја демонстрираат целата форма со нејзините помали делови. Учениците дискутираат и споредуваат делови во рондо, тема со варијации и сложена триделна форма во дадени музички примери, според големината и разликите/сличностите на музичкиот материјал.
- Наставникот изработува картички со деловите од композицијата. Учениците ја слушаат композицијата и ги подредуваат картичките по правилен редослед.

- Наставникот ги поттикнува учениците да ги наведат карактеристиките на марш, менует, валцер и мазурка преку презентација на соодветни примери. Учениците дискутираат за метар, ритам, темпо, форма, карактер, намена на слушаните примери.
- Учениците неколку пати ја слушаат композицијата, фокусирано и со внимание, од почеток до крај. Преку разни форми и методи на работа при секое повторно слушање учениците препознаваат различни музички изразни средства и ги именуваат со стручни изрази, наведуваат наслов и композитор, го препознаваат изведувачкиот состав и музичката форма со нејзините елементи во музичкото дело, ги споредуваат музичките изразни средства, изведувачкиот состав и музичката форма со нејзините елементи.
- Наставникот изготвува наставен лист (Табела со поими) во кој се наведени сите сегменти на кои учениците треба да обрнат внимание при слушање на композицијата. Учениците ја пополнуваат табелата при повеќекратно слушање на композицијата.

**Насоки за наставникот:**

*- Се препорачува преку вонучилишни активности да се реализираат посети на концерти на класична и народна музика поврзани со изучените содржини, а потоа на часот да се дискутира за стекнатите впечатоци, искуства и сознанија.*

*- Изучувањето на музичките форми не е цел, туку средство за ефективно слушање и разбирање на музиката. Поради тоа е потребно да се слуша и запознава целата композиција, а при тоа да се воочуваат основните делови на формата. Во текот на слушањето на композицијата, ученикот ја следи шемата на формата, претходно изработена од наставникот (на табла, на хамер или во дигитална форма).*

Тема: ***МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ И ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ***

Вкупно часови: 14 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да разликува визуелно и аудитивно a-moll скала – хармонски и мелодиски вид, да ги објаснува нивните елементи и да ги користи преку пеење/свирење на едноставни едногласни и двогласни песни и вежби и двогласни канони со примена на нотен запис;
2. да ги именува и препознава визуелно интервалите во нотен запис;
3. да препознава аудитивно карактеристични ритмички фигури во музички примери;
4. да пее/свири едногласни и двогласни песни различни по жанр, карактер и содржина и едноставни двогласни канони по слух со правилна примена на елементи на вокална/инструментална техника и да ги следи диригентските знаци на наставникот;
5. креативно да се изразува преку музиката и преку поврзување на музиката со други форми на уметничко изразување.
6. користи апликации за пишување ноти со примена на елементите од музичка писменост.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| • **Скали и интервали**<br>(тоновите d2 и e2;a-moll скала - хармонски вид, a-moll скала - мелодиски вид, повишувалка/диез, | • Препознава и запишува во петолиние d2 и e2, повишувалка/диез и разрешувалка/бекар.<br>• Ги набројува интервалите подредени по големина. |

| | |
|---|---|
| разрешувалка/бекар; интервали: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава) | • Ја запишува и споредува скалата a-moll (хармонски и мелодиски вид) и нејзините елементи.<br>• Прави анализа на интервалите во запишаната мелодиска вежба и ги гради од зададен тон. |
| • **Ноти и паузи**<br>(шеснаестина нота и пауза, пунктиран ритам како осмина со точка-шеснаестина) | • Слушно препознава пунктиран ритам (осмина со точка-шеснаестина).<br>• Ги препознава во нотен текст сите изучени нотни вредности.<br>• Изведува парлато со тактирање ритмички вежби со сите изучени нотни вредности.<br>• Создава ритмички вежби со сите изучени нотни вредности. |
| • **Пеење (опсег a – d2) и свирење на детски музички инструменти**<br>(групна и колективна музичка изведба, диригентски знаци, меѓусебно слушање, интонација и ритам, дикција и артикулација на текстот) | • Учествува во групна и колективна изведба по слух, со правилна дикција и артикулација на текстот/изведувачка техника.<br>• Пее/свири по слух едногласни и двогласни примери самостојно/во група со примена на музички изразни средства.<br>• Пее/свири по слух едногласни и двогласни примери со примена на музички изразни средства, со точна интонација и ритам, според диригентски знаци.<br>• Пее/свири едноставни примери по нотен запис со примена на музички изразни средства, со точна интонација и ритам, според диригентски знаци. |
| • **Креативно музичко изразување**<br>(создавање, танцување, приказни за музиката, музички импресии, музички игри, драматизација) | • Учествува во заеднички креативни музички активности.<br>• Парафразира одредени музички модели во сопствено креативно изразување.<br>• Ги применува стекнатите знаења и умеења во индивидуално креативно музичко изразување.<br>• Создава сопствени примери на креативно изразување со кои се поврзува музиката со други форми на уметничко изразување. |
| • **Апликации за пишување ноти**<br>(примена на научени поими во апликација за пишување ноти) | • Препознава ознаки за висина и траење на тоновите, темпо и динамика во апликацијата за пишување ноти.<br>• Објаснува за научените поими во апликацијата за пишување ноти.<br>• Ја применува апликацијата за пишување ноти преку впишување на нотен текст со соодветни ознаки.<br>• Создава кратки музички фрази во апликацијата за пишување ноти. |

**Примери за активности:**

- Преку разни музички примери визуелно и аудитивно учениците се запознаваат со a-moll скала – хармонски и мелодиски вид, со нивните елементи, разликите и сличностите помеѓу нив, и истите ги користат преку пеење/свирење на едноставни едногласни и двогласни песни и вежби и двогласни канони со примена на нотен запис. Учениците ја запишуваат скалата a-moll (хармонски и мелодиски вид) и нејзините елементи.
- Наставникот ги запознава учениците со тоновите d2 и e2и со повишувалка/диез и разрешувалка/бекар, а учениците ги препознаваат и запишуваат во петолиние. Наставникот ги насочува учениците да ги препознаат во нотен пример тоновите d2 и e2 и останатите изучени тонови, повишувалка и разрешувалка. Учениците се поттикнуваат да создаваат едноставни мелодиски вежби со примена на изучените тонови и да ги изведуваат самостојно и во група.
- Наставникот ја запишува а-мол скала (природен вид) три пати и ги насочува учениците заедно да ги изградат трите видови на молска скала (природен, хармонски и мелодиски вид), со тоа што прво се воочуваат заедничките елементи (иста почетен и завршен тон, еднаков долен тетракорд и полустепени во него), а потоа разликите (горен тетракорд, повишени стапала, различни полустепени).
- Учениците се запознаваат со поимот интервал и со интервалите: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава. Учениците ги набројуваат интервалите и ги подредуваат по големина, визуелно ги препознаваат интервалите во запишаната мелодиска вежба и градат интервали од зададен тон.
- Наставникот изготвува наставни ливчиња и ги насочува учениците кои треба да ги подредат интервалите по ред/по големина, да градат интервали од зададен тон и да ги препознаваат интервалите во нотен текст. Исто така наставникот може да им изготви или посочи дигитални содржини за интервали.
- Преку разни техники учениците ги запознаваат нотите по должина и траење (четвртина со точка, половина со точка, шеснаесеттина нота и пауза, пунктиран ритам - осмина со точка-шеснаесеттина). Преку разни вежби учениците препознаваат во нотен текст четвртина со точка, половина со точка, шеснаесеттина нота и пауза, пунктиран ритам (осмина со точка-шеснаесеттина), изведуваат парлато со тактирање ритмички вежби со четвртина со точка, половина со точка, шеснаесеттина нота и пауза, слушно препознаваат пунктиран ритам (осмина со точка-шеснаесеттина), создаваат ритмички вежби со четвртина со точка, половина со точка, шеснаесеттина нота и пауза, пунктиран ритам (осмина со точка-шеснаесеттина).
- Наставникот ги поттикнува учениците да ги препознаат изучените ритмички вредности (четвртина со точка, половина со точка, шеснаесеттина нота и пауза, пунктиран ритам - осмина со точка-шеснаесеттина) во нотен текст, да ги изведуваат парлато и слушно да ги препознаваат во музички примери.
- Наставникот презентира музички примери (народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, двогласна песна/вежба, мелодиска вежба) со соодветен гласовен опсег a – d2, ги распева учениците со соодветни технички вежби, а потоа учениците учествуваат во заедничка изведба по слух, изведуваат по слух едногласни песни и вежби, едноставни двогласни канони и двогласни песни/вежби самостојно/во група, пеат/свират по слух едногласни песни и вежби, едноставни двогласни канони и двогласни песни/вежби со правилен пејачки став/правилен начин на свирење и примена на музички изразни средства.

- Наставникот ги упатува учениците во читање и изведба по нотен запис: коментирање на нотниот текст, читање парлато, свирење по нотен запис/пеење по нотен запис со солмизација, пеење со текст, примена на правилна вокална/инструментална техника и на музички изразни средства. Учениците изведуваат ритмички вежби и пеат/свират песни и вежби во опсег а – d2 со примена на нотен запис.
- Преку различни техники, форми и методи на работа учениците учествуваат во заеднички креативни музички активности, парафразираат одредени музички модели во сопствено креативно изразување, го применуваат стекнатото знаење во сопствено креативно музичко изразување, нудат идеи за изведби со кои се поврзува музиката со други начини на креативно изразување.
- Наставникот осмислува активност ,,Во духот на менует“ во која ќе интегрира повеќе изучени содржини: презентира музички пример за менует, раскажува за композицијата, од кои инструменти е изведена, заеднички се воочува формата и пунктираниот ритам. Потоа се танцува според основните правила, внимавајќи на тактот, пунктираниот ритам и различни движења во А, Б и повторно А делот. Сличен начин може да се користи за марш, валцер, мазурка и други танци.
- Наставникот ги поттикнува учениците на изведбени активности, заеднички, во група и самостојно. Учениците учествуваат во изведба на песни по слух, по нотен запис, свирење на ДМИ и ги применуваат елементите на вокална техника/правилен начин на свирење со примена на изучените содржини и поими. Посебно внимание се обрнува на интонацијата при пеење, со употреба на различни методи и вежби за таа цел. Учениците се насочуваат за правилно пеење на едноставни двогласни вежби.
- Наставникот ги поттикнува учениците да подготват изведбени активности во групи (пеење, свирење и танцување) и со меѓусебно оценување да се избере најдобра изведба. Понатаму активноста може да продолжи и меѓу различни паралелки. Овие изведби можат да бидат и тематски со различни музички жанрови.
- Учениците преку слушање, пеење и движење ги запознаваат карактеристиките на македонските народни ора, ората на различните етнички заедници од РС Македонија, како и ората од соседните земји.
- Наставникот ги насочува учениците да создадат кореографија во која со движење ќе ја прикажат музичката форма на композицијата (пр. рондо: рефренот со исто движење при секое појавување, а епизодите со различно движење).
- Учениците се поттикнуваат да создадат драматизација на слушаната композиција со која ќе го прикажат нејзиниот карактер (создаваат текст, костими, пантомима, движење).
- Учениците се поттикнуваат да пронајдат музика од различни жанрови како музичка поддршка за различни литературни текстови соодветна на карактерот на ликовите, стилот, јазикот и други карактеристики на текстот.
- Учениците се насочуваат да создадат видео со кое на креативен начин ќе ја прикажат формата и карактерот на композицијата. Видеото може да биде изработено од претходно создадени цртежи, илустрации и фотографии а како музичка подлога ќе ја користи композицијата.
- Учениците во улога на музички новинари се поттикнуваат да создадат новинарски прилог во кој ќе ги опфатат сите изучени содржини застапени во слушаната композиција и за други теми и содржини по сопствен избор, со искажување на сопствени доживувања и личен став.
- Наставникот ги насочува учениците како да користат апликации за пишување ноти на дигитални уреди (заедно - смарт табла или индивидуално - таблет, мобилен уред). Со оглед на тоа дека во апликациите може да се впишат сите изучени поими (тонови, такт, траење, знаци за темпо и динамика), учениците имаат можност да го слушнат напишаното и да го пеат по ноти. Наставникот може да користи програми по избор, според возраста на учениците.

**Насоки за наставникот:**

- *Изучувањето на скалите, а особено интервалите, не е цел за себе и треба да се одвива во тесна поврзаност со слушаните примери, преку асоцирање на теми од познати мелодии, како и при пеење и свирење по нотен запис со претходно објаснување.*
- *Наставната содржина Пеење и свирење на детски музички инструменти остава можност за формирање хор и оркестар, како и други изведувачки состави, на ниво на паралелка, одделение, училиште.*
- *Креативните активности на учениците треба да се базираат на афинитетите и индивидуалните карактеристики на учениците и наставникот и да се прилагодат на постоечките услови за работа во училиштето.*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениицте да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот,
- учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности (правилна примена на изведувачката техника и знаењата од музичката писменост при групно и колективно музицирање),
- учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување,
- изработките (илустрации, презентации, шематски прикази, проекти и сл.),
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

Сумативната оценка се изведува преку различните техники на формативно и сумативно оценување. На секое тромесечие, на полугодие и на крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за VII одделение.** | бр. ___________<br>________________ година<br><br>Министер за образование и наука,<br><br>____________________________________ |

DRAFT